**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 26.2.2026 |
| Архивски број: | 34 – 5 / 2 |
| До: | **Влада на Република Северна Македонија** |
| Предмет: | Мислење по Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 |

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на Деветтата седница одржана на 26.02.2026 година, го разгледа Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 и притоа го утврди следново

## М И С Л Е Њ Е

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество дава позитивно мислење по Годишниот извештај за 2025 година за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 и смета дека материјалот дава реален приказ на реализираните мерки и активности во текот на 2025 година.

Согласно заложбата на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор, Советот препорачува органите на државната управа во 2026 година навреме да ги планираат и да ги реализираат активностите од Акцискиот план, согласно утврдените рокови и со консултации и вклучување на граѓанските организации, а за активностите кои содржат изработка на закони или подзаконски акти, предлозите на актите да ги доставуваат на мислење до Советот пред нивното доставување до Владата за разгледување и утврдување, односно донесување.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова